**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**Defence for Children's Rights (DCR)**

---

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 2022 ГОДИНА

Годишниот извештај на здружението за Заштита на правата на детето ги содржи своите достигнувања во 2022 година. Од остварените резултати со голема посветеност и успешност се остварија зададените цели од годишната програма за 2022 година. Својата визија и мисија ги оствари преку директната работа со своите корисниците на услугите (сервиси), застапување за промени на политики и пракси, анализи и истражувања, и медиумска застапеност и видливот како на организацијата така и на Дневниот центар за деца на улица. Вистински пресврт и во наративот за интезивна соработка и комуникација со сите чинители за да се пресретнат сите предизвици. Работењето под притисок ја демонстрираше силата и моќта на нашиот тим да се справи со истата при што се истакна сплотеноста на тимот, се зајакна и се унапреди тимската работа. Некогаш останувавме и без енергија и здив ама никогаш не престанавме да веруваме дека можеме, особено кога се работи со најранливите во општеството.

Комитетот на ЗПД беше активен во целата годината. Иницираше, координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на доброто работење на Здружението и на Дневниот центар, и неговата актуелност. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на негово афирмирање и презентирање, ја нуди својата помош во дефинирањето на што подобра форма на работење, давајќи придонес кон создавање белег за организацијата како пример за добро, успешно и одговорно работење. На ден 27.10.2020 година беше одржано Годишното Собрание каде беа усвоени Извештаите за работата на здружението и работата на Дневниот центар за деца во ризик - деца на улица, Шуто Оризари, финансиски извештај и извештај за ревизија на финансиско работење на ЗПД како и избор на претседател на ЗПД и на членови на Комитетот на ЗПД. За нов претседател едногласно а по предлог и на проф.д.р Владимир Ортаковски беше избран проф.д-р Оливер Бачановиќ. За нови членови на Комитетот исто така беа едногласно избрани Ирена Велкоска, Томислав Ортаковски, Ана Панчева и Весна Стефановска која воедно е избрана и за потпретседател на ЗПД.

Оваа година ќе ја паметиме и по одбележувањето на нашата 24-годишна работа на Здружението и 16 годишна работа на Дневниот центар за деца на улица. Денес неизмерно се гордееме со она што го оставаме како наше досегашно работење. Сеќавања за почетоците на здружението и на дневниот центар, нашата приказна, предизвиците, научените лекции и најважните достигнувања собрани на едно место – во спомен сликите посветени на изминатите 24 години, да се потсетиме на успесите и да се заложиме и понатаму да придонесуваме за свет во кој сите деца ќе можат да ги уживаат своите права.

Ова е само дел од низата успеси што ги постигнавме и по кои ќе ја паметиме 2022 година како солидарна и хумана година. Продолжуваме посветени на приоритети, ја заокруживме годината свесни дека нашата мисија продолжува и дека во годините што следат нашата одговорност кон децата сè повеќе се зголемува.

Благодарност до сите наши поддржувачи, донатори, партнери и соработници кои изминатата 2022 година веруваа во нашите заложби за остварувањето на мисијата на здружението за Заштита на правата на детето, придонесувајќи за подобрување на состојбата и заштитата на ранливите деца.

Заслужни за нашиот развој и добри резултати беа постигнати од страна на нашите долгогодишни партнери: Тинекс МТ, Град Скопје, Министерството за труд и социјална политика, Германската заедница за меѓународна соработка (ГИЗ), граѓанските организации но и од граѓаните кој несебично донираа за семејствата (храна, покуќнина, облека, обувки, прекривки итн.).

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА

За непреченото работење на Дневниот центар, што е од особена важност за негова одржливост, финасиска поддршка имавме од буџетот на **Град Скопје** од Програмата за 2022 година, со буџет од **249.769,00.** Во период од 01.04.2022-31.07.2022 година се имплементираше проект **„** Општестевно вклучување на децата на улица“, Со овој проект работевме со 70 деца од Ромската заедница, на возраст од 04-16 години. Беа реализирани следниве активности: едукација, воспитна работа, грижа за здравјето, вклучување и поддршка во тековниот образовен процес, следење на нивната редовност, подигање на образовно, социо-културно ниво за позитивна интеграција во пошироката заедница, теренски активности и работа со семејствата.

Регионалниот проект за социјални права на ранливи групи SoRy II „Од едукација за позитивни вредности и помош до севкупниот развој на ранливите деца Роми до подобрена социјална интеграција“.во период од 01.01.2022 – 30.04.2022 година со финансиска поддршка од **615.621,00 денари**. Активности: тематски едукативни работилници за личен развој и професионална ориентација; соработка со ангажираниот експерт за време на процесот на изготвување на проектната апликација што придонесува за одржливост на организацијата и психо-социјалната помош врз основа на потребите и од повеќе аспекти.

Оваа година од страна на Министерството за труд и социјална политика, Дневниот центар за деца на улица како овластен лиценциран давател на социјална услуга: Дневен престој за деца во ризик – деца на улица ја добива поддршката за 24 корисници за период од 15.07.2022 до 31.12.2022 година. Корисниците се упатувани со Решение од страна на надлежниот центар за социјална работа од 27.07.2022 година и за кои Министерството за труд и социјална политика месечно исплаќа износ од **15.373 денари по корисник за услугата**.

Меѓународен проект „Повторно будење на зедницата: Алатки и техники за издржлива и инклузивна младина “ при Еразмус+ програма на Европска Унија преку Националната Агенција од Република Чешка „Центар за меѓународна соработка“ е потпишан и со времетрање од 01.10.2022-31.08.2025 година. Координатор е NESEHNUTI, Brno, Czech Republic со три патнер организации: Arbeitskreis Ostviertel e.V од Германија, Центар за одржлив развој „ЕЛИПСА“ Куманово и Заштита на правата на детето. Главната цел на проектот е да се подобри комуникацијата и поврзувањето на локалните младински заедници со мигрантските заедници користејќи креативни неформални алатки и техники за нивна интеграција, вклучување и издржливост. Така, со имплементирање на ова стратешко партнество имаме за цел да ги зајакнеме мигрантските заедници и организации во градењето ангажирани и инклузивни локални заедници засновани на заеднички вредности. Активностите на проектот се засноваат на: Истражување во секоја земја-партнер за решавање на потрбите на целната група преку продонес во локалните политики за интеграција за млади мигранти и бегалци; Развивање на креативна методологија за работа со целната група; 3 меѓународни активности за градење капацитети; 5-10

локални интеркултурни работилници по земја; минимум 10 средби со пријатели по земја (локален+мигрант/бегалец/странски државјанин/ром). Вкупниот буџет е 33.000 евра

Дневниот центар финасиски беше потпомогнат од страна на АД Комерцијална банка која донираше **30.000 денари** за хигиенски средства и храна за семејствата и од МТ-Тинекс **61.694,00 денари** за период од 01.03.2022-30.04.2022 година и еднократна парична помош во износ од **10.000,00** од страна на компанијата СиТ.

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

**Во текот на 2022 година** поточно до 31 .07.2022 година работевме со 70 деца, деца на улица, на возраст од 04-17 години а од 01.08.2022 до 31.12.2022 година со 24 деца на возраст од 04-14 години. Од месец август до декмври беа евидентрани 16 деца и истите ги користеја услугите на дневно згрижување, индивидуални активности за социо-емоционалниот развој, стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни, едукација и образовна поддршка на децата и психосоцијална поддршка на нивните семејства беа вклучени во секојдневите активности. Преку активностите децата го доразвиваат когнитивниот, моторниот и социоемоционален развој, а можноста за тимска работа, другарување и јакнење на социјалните вештини добиваа преку секојдневните слободни активности, како играњето на друштвени игри, активности со натпреварувачки карактер, заедничко гледање на анимирани детски филмови итн. Во месец јуни и јули децата за прв пат имаа можност одблиску и на интерактивен начин да се запознаат со улогата на кукленииот актер но и побудија интерес за учество на мала сцена.

Покрај тоа, тимот ја следеше редовноста на наставата на училишните деца. Учебната 2021/2022 година ја завршуваат сите предвидени 59 школски деца и тоа: три деца од средното училиште „Шаип Јусуф",четири во ОУ за возрасни „А.С. Макаренко", три во ООУ „26 Јули" и 49 деца во „Б.Р.Х". Учебната 2022/20223 вклучени се 9 првачиња во ООУ „Б.Р.Хамид"

**Неформалното образование и воспитно - образовната** активност беше проследена со голема љубов, трпеливост и разбирање за секое дете. При реализацијата на овие активности се дејствуваше врз создавање работни навики, создавање потреба за активирање, поттикнување на самоиницијативноста, запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби во правец на поддршка на развојот и напредокот на детето и описменувањето. Се обрна внимание и на развојот на здравствено - хигиенски и културно – хигиенските навики. Се работеше и со 4 деца невклучени во образовниот процес на возраст од 9 до 12 години кои поради ниската свест за важноста на образованието, природата на карактерот, нивниот темперамент и потребата за социјализација, стекнување вештини за комуникација социјални навики и градење на работните навики, оваа учебна година не беа вклучени во образовниот процес.

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, Здружението остваруваше соработка и со основните и средните училишта. Беа остварени средба со стручната служба, со наставниот кадар и со класните раководители на средношколците, се обавуваат разговори и се информираат за новонастанатите ситуации кај некои од децата или доколку има потреба од интервенција и преземање на заеднички дополнителни активности во интерес на децата. **Превенција кај 27 деца од 11 семејства** од осипување од училиште, поради питачење и присилена работа од страна на родителите.

Се остваруваа индивидуални и групни средби со родителите со цел да се подигне родителска грижа и одговорност за вршење на родителското право. Родителите имаат потешкотии при градење на позитивното родителство и затоа се делува превентивно на јакнење на нивните родителски капацитети.

Во **Младинскиот клуб** се работеше на индивидуален личен развој и професионална ориентација со деца на возраст од 15-17 години. Беа обработени повеќе теми: Права и обврски, Личен развој (самодоверба, емоции, успех и неуспех, искажување на мислење, семејство, училиште), општествени односи (нивните права, недискриминација, поддржување и соработка, социјални притисоци, одговорности и позитивен однос), здраво живеење (здрава исхрана, лична хигиена, превенција од болести и заболување и свест за сексуално здравје, ризици од малолетнички бракови и бременост) и однос со надворешната средина (културно однесување со средината, хигиена во околината и заштита). Беше спроведена и активноста поврзана со читачкото катче, каде описменетите деца креативно и компаративно читаа за со цел да им се помогне при разбирање на смислата на текстот и негово значење. Се разговараше за прочитаното, се поставуваа прашања, се прераскажуваше усно но и писмено.

**Се работеше и на работна интеграција, структуиран животен стил на нашите 12 младинци-продавачи на уличното списание *Лице в лице*. Градевме релација за силна мотивација и поддршка во целиот просец, подготовка на работна средина за поуспешен влез на пазарот на трудот.**

- **МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

Превенирани и спречени 5 малолетнички заедници.

- **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Во текот на целата година стручниот тим превенираше во спречување на сите аспекти на семејното насилство особено за деца жртви од насилство. Најчестите застепени насилства се однесуваа на психичко и емоционално малтерирање, насилнички закани и физички насилства кои родителите често ги користат како дисциплински мерки со кои се обидуваат да го наметнат авторитетот, но и за деца жртви на најтешки форми на злоупотреба на детскиот труд, з апуштање и малтертирање на малолетно дете од страна на родителот.

- **НАДЗОР НА РОДИТЕЛСКО ПРАВО ОД СТРАНА НА ЈУ-МЦСР НА ГРАД СКОПЈЕ**

И оваа година се спроведува превентивна активност односно се врши надзор над родителското право на две семејства чии деца биле затекнати на питачење од страна на ЈУ-МЦСР на град Скопје.

- **ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

Во однос на здравствената состојбата на децата и семејствата освен кожните инфекции не се бележат сериозни здравствени нарушувања.

- **ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во текот на годината работевме на нивна поддршка во ублажување на сиромаштијата преку зголемување на вработеноста кај семејствата.

Во соработка со фирмата за хигиена и чистење „Центар чист", работно ангажирани **7 мајки**.

Помош и поддршка во административно-техничката документација за обновување и/или аплицирање за гарантирана минимална помош, детски и образовен додаток и советувања добија **9 семејства.**

- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ**

Оваа година се одбелележа: „Осми Март, 1-ви Април-денот на шегата, Меѓународниот ден на Ромите 8-ми Април, 12 Април – Меѓународниот ден за деца на улица, Детска недела (грижа за здраво, радосно и безгрижно детство во текот на годината беше можност да ја покажеме токму оваа недела) и 20 Ноември - Светски ден на детето.

## Волонтери од Турција

Својот волонтерски ангажман го продолжуваат двата волонтера кои ни доаѓаа од Турција преку Европскиот Солидарен Корпус одобрен од Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност за 2019 со проект „Roma children need care too“ („И Ромските деца имаат потреба од грижа“). BOZKURT MUAMMER до 30.09.2022 година и BELEN DEĞİN DOĞER. до 22.11.2022 година.











**АКТИВНОСТИ ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР**

Работиме со семејствата








Теренски активности








Се грижиме и за нивната здравствна состојба








Активности во Дневниот центар (индивидуална поддршка на семејствата, едукативни, образовни, креативни работилници и рекреативни активности)

Се грижиме и за помалите членови од семејствата





































 

Учиме да плетеме



Активности со вработените од Breon по повод Social Friday

 

Активности со студентите од Факултетот за безбедност

 

Активности со учениците од „Јахија Кемал“







**Ги прославуваме родендените!**

 

**Предновогодишни празници:**
На 13.12.2022 г. нашите верни пријатели Сорсико и оваа година ги израдуваа дечињата за новогодишните празници со ранчиња со храна и средства за лична хигиена.
На 14.12.2022 г. ИТ компанијата СИТ донираа 30 пакетчиња и беа детално запознаени со работата на Дневниот Центар.
Од средината на месец декември ИТ компанијата Протон ја донира храната која им останува од претходниот ден а била наменета за вработената во копанијата. Најчесто се работи за лепчиња, салата, по некој ладен сендвич.
Во текот на месец декември преку хуманитарна акција Стопли Детско Срце, НВО Скриениот херој во секое дете, организираше донаторска акција во која 9 општествено одговорни компании донираа 60 новогодишни и 40 едукативни пакетчиња. Во соработка со Јахја Кемал Колеџ-Социјалниот клуб при училиштето обезбеди капче, шалче и ракавици за секое дете кои беа поделени на децата на ден 27.12.2022 г.
Исто така на 27.12.2022 г. од компанијата Адора инженеринг беа донирани ракавици со нивно лого за 30 деца и од страна на координаторката беа запознаени со работата на Дневниот Центар и со ветување дека соработката ќе се продлабочи.
Во месец декември учениците од III год медицински сестри од СУГС „Шаип Јусуф„ во соработка со професорката Милена Н.Мусовска организираа хуманитарна акција за собирање на новогодишни пакетчиња за деца од социјално ранливи категории во која учествуваа професори и ученици од училиштето. Собраните пакетчиња со храна, играчки, друштвени игри, книги, училишен прибор и облека на 28.12.2022 година ги донираа во Дневниот центар за деца во Шуто Оризари.
На 28.12.2022 г. бевме посетени од страна на студентите од медицискиот факултет кои на децата им поделија пакетчиња и ги мотивираа да бидат редовни во училиште и успешно да ги завршуваат одделенијата и да не се откажуваат од образованието.

Годината ја завршивме со убав настан организиран од страна на МТСП каде 24 деца кои ги добиваат дневните услуги го посетија Планетариумот а потоа на караоке забава се дружеа со министерката Јована Тренчевска и децата од нво Сумнал и државниот дневен центар Кисела Вода и им беа поделени пакетчиња на сите дечиња.












**Претставниците на Здружението на граѓани Заштита на правата на детето учествуваа на следните настани**:

На 28.1.2022 на онлајн настанот организиран од Гиз, координаторот Ирена Велкоска го презентираше проектот „Побезбедни и посигурни во време на пандемска криза“ кој се имплементираше до 15 декември 2021, поддржан од Гиз во соработка со Конект.
На ден 08.02.2022 г. се одржа онлајн состанок за воспоставување Општински центар за вклучување на деца од ризик во Шуто Оризари со УНДП и Општина Шуто Оризари на кој присуствуваа и претседателот на ЗЗПД, проф.д-р Владимир Ортаковски, потпретседателот на ЗЗПД, проф. д-р Оливер Бачановиќ и координаторот на ДЦДУ, Ирена Велкоска.
На ден 28.02.2022 координаторот Ирена Велкоска и проф по предучилишно воспитание Александра Лозаноска присуствуваа на отворањето на Женскиот центар за поддршка-Скопје, во рамките на нво Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство.
По повод Social Friday, ден каде општествено одговорни компании имаат можност да придонесат кон заедницата, односно кон социјално ранливите сограѓани, нашиот партнер, компанијата Бреон овозможи прошетка на 23 деца во ЗОО Скопје, каде децата заедно со водичот од ЗОО Скопје учеа и се радуваа на животинките. Секако после веселата прошетка вработените на Бреон им овозможија вкусен оброк на дечињата пред безбедно да ги вратат во нивните домови.
На ден 02.3.2022 Ирена Велкоска присуствуваше на онлајн седницата на надзорниот одбор на Коалиција Сите за правично судење, додека на ден 15.3.2022 присуствуваше на Годишното собрание на Колација Сите за правично судење.
На ден 03.3.2022, Ирена Велкоска присуствуваше на настанот на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој Паблик посветен на истражување на начините за искористување на институционалната поддршка на лицата кои подолго време се исклучени од пазарот на трудот.
На ден 28.3.2022 Филип Пепоски присуствуваше на завршната конференција на Коалиција Сите за правично судење за проектот „Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за управување со човечки ресурси“.
На ден 28.3.2022 потпретседателот на ЗЗПД, проф.д-р Оливер Бачановиќ и координаторот на ДЦДУ Ирена Велкоска учествуваа на Работилница организирана од УНДП насловена како Воспоставување на Општински центар за деца во ризик во Шуто Оризари, односно во врска за користење на просториите од новоизградената градинка кои даваат социјални услуги на дневно згрижување на деца во ризик, односно деца на улица. На работилницата присуствуваа преставници од УНДП, ЈУ -Завод за социјални дејности, Општина Шуто Оризари, ЈУ - МЦСР, ДЦДУ Кисела Вода, ООУ Браќа Рамиз Хамид во Шуто Оризари, ЈУГД 8 Април во Шуто Оризари, НВО Амбрела и НВО ИРИЗ.
На ден 01.04.2022 година координаторот Ирена Велкоска присуствуваше на состанокот со претставници на членки од Коалиција Сите за правично судење, со неколку точки на дневен ред: Запознавање со тековни проектни активности имплементирани од страна на организациите членки и Коалицијата; Детектирани предизвици со малолетничка правда во основните судови во РСМ од страна на Коалицијата; Предлози за идна соработка помеѓу членките и Коалицијата.
Истиот ден Василка Јовановска и Даниела Ѓоргиевска ја следеа онлајн обуката за Трговија со луѓе која беше предвидена како дел од континуираната програма за едукација на веќе лиценцирани даатели на услуги од ЈУ-Завод за социјални дејности.
На ден 04.04.2022, ДЦДУ го посетија ученици од средното приватно училиште „Јахја Ќемал“ во Скопје, заедно со класниот раководител, а со иницијатива за прибирање донации за децата од ДЦДУ. Оваа средба беше по иницијатива на надворешниот соработник на училиштето и проф по германски јазик Герасим Димитров. Истиот ден Витаминка-Прилеп донира смоки и мали чоколатца.
На 08.04.2022 потпретседателот на ЗЗПД проф.д-р Оливер Бачановиќ, генералниот секретар на ЗЗПД и координатор на ДЦДУ, Ирена Велкоска и членот на комитетот Младица Котевска одржаа средба со Министерката за труд и социјална политика м-р Јованка Тренчевска во Министерството за труд и социјална политика во врска со давање поддршка за користење на просторите во градинката “8-ми Април“ и финасиска поддршка на Дневниот центар кој е лиценциран давател на социјални услуги за деца во ризик-деца на улица, од месец август 2021 година. ДО сега имаме поддршка од УНДП за влез во новите простории а немаме поддршка од општината.

На ден 12.04.2022 се одржа иницијален состанок со Ирина Тошева и координаторот за организирање на настани на Македонското модно здружение (ММЗ) со цел за градење на партнерство за имплементирање на заеднички проекти преку објавените повици.
На ден 27.04.2022 координаторот на ДЦДУ, Ирена Велкоска и социјалниот работник Василка Јовановска присуствуваа на средбата на локално ниво во Општина Шуто Оризари на тема Решавање на проблемот со неевидентирани лица во матична книга на родени и граѓанскиот статус на лицата без документи. На средбата присуствуваа Љатифа Шиковска, пратеничка во Собрание на РСМ, Елвис Мемети, советник за инклузија на Роми на ПВРСМ.
Истиот ден волонтерите Муамер и Белен, заедно со 7 деца на возраст на 13 години го посетија приватното средно училиште „Јахја Ќемал". Целта на посетата беше меѓусебно запознавање. Учениците им подарија закуска и облека. На ден 25.05.2022 г. Герасим Д. од приватното средно училиште Јахја Ќемал во Скопје го презентираше видеото кое го подготвил заедно со учениците при посетата на децата од ДЦДУ минатиот месец. Истото видео ќе биде испратено на натпревар за алтернативни начини на учење германски јазик во Виена, Австрија.
На ден 29.04.2022 година по повод 30 години Прва детска амбасада Меѓаши децата од ДЦДУ заедно со тимот, отидоа на магионичарска забава во просториите на Меѓаши. Забавата и превозот за 50-те деца беше организиран од страна на амбасадата.
На ден 20.05.2022 потпретседателот на ЗЗПД, проф. д-р Оливер Бачановиќ и координаторот на ДЦДУ Ирена Велкоска присуствуваа на Работилница за воспоставување на инструмент по мерка за следење на имплементацијата на правата на детето организирано од Компонента 4-Човекови права и алтернативни санкции како дел од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото". Истиот ден социјалниот работник Василка Јовановска беше дел од работна група на состанокот организиран од Прва детска Амбасада „Меѓаши" кој се одржа во Град Скопје како дел од нивниот проектот „Стратегија и акциски план за унапредување на правата на детето и посебен акциски план за деца на улица/улични деца во Град Скопје".
Беше реализирана и вон наставна едукативна и рекреативна активност во излетничкиот парк во Сарај по повод Social Friday и за успешно завршена учебна година во организација на компанијата Бреон (24.06.2022 г.). Едукативните работилници беа водени од страна на тимот на Нула Отпад од Скопје кои заедно со децата ја истражуваа околината, го собираа отпадот и најважно учеа како да се грижат за природата без отпадоци. Потоа следеа игри со топка и други спортско-рекреатвини реквизити.
Преку кампот „Шарено лето 2022" оваа година Рафаела Ш, Јулија Ф. и Идриз Б.од Дневниот центар имаа можност да летуваат и другаруваат со другите дечиња од различни градови во х. Монтана, Крушево во период од 12-18.06.2022 година.
На 03.06.2022 година во организација на ОЖТМ Дерја беше одржана првата Работилница со корисниците од Дневниот центар за заштита и превенција од Ковид 19. На 06.07.2022 година во присуство на претставници од Град Скопје се одржа втората Работилница со семејствата од Дневниот центар. За предавач на оваа тема учество зеде спец.доктор од Здравствениот Дом-Поликлиника Шуто Оризари
На ден 16.06.2022 година на замена на потпретседателот проф.д-р Оливер Бачановиќ, Ирена Велкоска учествуваше на консултативна средба за Моделот на детска куќа Барнхаус за деца жртви/сведоци на насилство / настан во рамките на проект „Прав (да) за деца-ЕУ за малолетничка правда и правда по мерка на децата, спроведувана од Канцеларијата на Уницеф. По иницијатива на МТСП на ден 19.07.2022 година се одржа работен информативен состанок со претставници од институции, претставник од УНДП, експерт и од нво „Градиме заедно" за ревидирење на Мултидисциплинарнот протокол за постапување (идентификување и упатување) со деца на улица/улични деца од февруари 2010 година. На овој состанок како на онлајн состанокот кој се одржа на 29.07.2022. г. учество имаше Ирена Велкоска. На ден 05 и 06.2022 година, Ирена Велкоска учествуваше во работна група со претставници од институции (МВР, ЦСР, МЗ, МОН, Народен правобранител) за подготовка на нацрт верзијата на Меѓусекторскиот протокол за постапување со деца на улица организиран од Мтсп во соработка со Ундп.
Со цел да се добијат директни информации од релеванти засегнати страни во изготвување на стратегијата за унапредување на правата на децата во Град Скопје и два акциски плана од кои едниот ќе има фокус на децата на улица имплементиран од Меѓаши, на ден 15.09.2022 година Гордана Родиќ – консултант за следење на правата на детето воедно и претставник на ЦИП –

Центар за Интеграција и Поддршка на граѓани / SIEC – Social Integration & Empowerment Centre спорвреде интервју со Ирена Велкоска и Василка Јивановска.
Во организација на Цивика Мобилитас – Ден на граѓанските организации и социјалните претпријатија, можност граѓанските организации подобро да се запознаат и соработуваат, на ден 26.09.2022 година, во координација со нво Паблик, Ирена Велкоска ги придружуваше продавачите на уличното списание „Лице в лице", Рамајана Реџепи и Амир Реџепи.
На настан одржан на 20.10.2022 г. „Преглед на реформите поврзани со правдата за децата", во организација на УНИЦЕФ со мото „Јас сум повеќе од она што се случи, јас сум само дете" да биде водилка во обезбедувањето на правда за секое дете. На настанот присуствуваа Ирена Велкоска и Василка Јовановска. Министерката Јованка Тренчевска и заедно со министерот за правда Тупанчевски, претставниците на УНИЦЕФ, граѓански организации, експерти, деца, се учествуваше и дебатираше за значењето на превенцијата, заштитата, ресоцијализацијата и реинтеграцијата на децата во ризик и децата во судир со законот.
Активно учество на инклузивниот натпревар кој се одржа на 20.10.2022 г. предводени од координаторот Ирена Велкоска земаа и продавачите вклучени од Дневниот Центар за деца на улица со кои и започна иницијатива за продажба на улицен магазин и беа први вклучени продавачи. Десетгодишнината од излегувањето на првиот број на „Лице в лице" и дваесетгодишнината од освојувањето на престижната Лига на шампиони на ракометниот клуб Кометал Ѓ́П беше одбележана со инклузивен спортски натпревар.
На 28.10.2022 г. во просториите на Г.Скопје се одржа вториот состанок на работната група што се формира на 20 мај 2022 година, за потребите на проектот именуван „Стратегија и Акциски план за унапредување на правата на децата и Акциски план за поддршка на деца на улица/улични деца во Град Скопје" проектна активност на Детската амбасада Меѓаши а на која присуствуваа Ирена Велкоска и Василка Јовановска. Додека координаторот на Дневниот Центар, Ирена Велкоска во периодот од 14 до 16 ноември во Кочани учествуваше на работилница со Работната група од претставници на повеќе институции: Министерството за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Град Скопје, СУГС „Зеф Љуш Марку" и експерти од областа на детска заштита за изработка на Стратегијата финансиран од Буџетот на Град Скопје во рамки на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година. Фокусот на оваа работна група се децата од Град Скопје и унапредувањето на нивните права.
На 15.11.2022 г. бевме посетени од страна професори и ученици кои се дел од клубовите за солидарни и социјални проекти на приватното училиште Јахја Кемал од Скопје. Професорите и учениците од наша страна беа запознаени со работата на Дневниот Центар а од нивна страна добивме донација во облека , играчки, училишен матрејал и храна собрана од самите ученици кои потоа се вклучија во самите креативни и едукативни работилници кои се одвиваа во Дневниот Центар со децата во рамките на секојдневните активности.
На покана на Здружението Центар за социјални иницијативи Надеж, заедно со Здружението и Коалицијата Хуманитарни акции.мк бевме дел од светскиот настанот GivingTuesday – Дарежлив Вторник, на 29 Ноември кој се одржа во Паркот на франкофонијата (Градски Парк) и целта на овој настан беше да се сплотат што поголем број организации и активисти кои ќе се вклучат со промовирање на своите мисии и активности, а ќе имаат можност и за собирање донации од граѓаните и компаниите за целните групи со кои работат.
Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност организира „Годишен настан за организации кои имаат Ознака за квалитет од програмата Европски солидарен корпус " кој се одржа од 30 ноември до 1 декември 2022 г. во Маврово каде ќе присуствува Филип Пеповски како претставник на ЗЗПД и каде секоја организација учесник на настанот треба да презентира добри практики и лоши искуства во имплементација на проекти со волонтери.
На 12.12.2022 годиназа порталот Факултети.мк, свои изјави за работата на Дневниот Центар и за успехот на децата кои го постигнуваат како позитивни приказни дадоа координаторката на Дневниот центар Ирена Велкоска и воспитувачот Александра Лозаноска. Исто така Ирена Велкоска даде изјава и за порталот Деца.мк и Сакам да кажам.мк

**Членови на Комитетот на ЗЗПД го сочинуваат**:

Проф. д-р Владимир Ортаковски, претседател на ЗЗПД;

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, професор на Факултетот за безбедност, потпретседател на Здружението и претседател на ЗПД од 27.10.2022 г.;

Проф.д-р Весна Стефановска, професор на Факултетот за безбедност, потпретседател на ЗПД од 27.10.2022 година

Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗПД до 27.10.2022 г;

Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗПД до 27.10.2022 г;

Ирена Велкоска, Генерален секретар на ЗЗПД и член Извршниот комитет на ЗПД

Томислав Ортаковски, член на Извршниот комитет на ЗПД од 27.10.2022 година

Ана Панчева, член на Извршниот комитет на ЗПД од 27.10.2022 година

**Тимот на Дневниот центар за деца на улица:**

Ирена Велкоска, проектен координатор и едукатор;
Василка Јовановска, дипл.социјален работник;
Александра Лозаноска, проф. по предучилишно воспитание и воспитувач
Филип Пепоски, дипл.социјален работник;
Даниела Ѓоргиевска, дипломиран психолог до 30.04.2022 година;
Андријана Славковска, дипл. педагог
Анета Смилевска, неговател
Милка Ѓурчинова Додеваска, хигиеничар

**Волонтери**

Преку Волонтерски центар Скопје, беа вклучени шест волонтери во креативните и слободните активности со децата од Полска, Германија и Белгија.
Преку ЕСК програмата волонтери од Турција, Белен Догер и Муамер Бозкурт.

На крајот уште еднаш сакаме да се заблагодариме на сите наши соработници, партнери и донатори кои ни даваат поддршка и кои веруваат во нас во изминатите години.

**Претседател на Здружението**

**за Заштита на правата на детето**

проф.д-р Оливер Бачановиќ

---------------------------------------

Декември, 2022 година

Скопје